**СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ
**од Осмата седница на**
**Националниот совет за евроинтеграции**
**одржана на 03.05.2012 година**

**(заедничка седница со Комисијата за европски прашања**
**на Собранието на Република Македонија)**

**Скопје, мај 2012 година**

**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**
**Од заедничката седница на Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања, одржана на 3 мај 2012 година**

Седницата започна во 10.22 часот.

Седницата ја отвори и со неа претседаваше госпоѓа Силвана Бонева, потпретседател на Националниот совет за евроинтеграции.

**Силвана Бонева:**

Почитувани дами и господа, почитувани членови на Националниот совет за евроинтеграции, почитувани членови на Комисијата за европски прашања, почитувана екселенцијо, почитувани наши гости.

Задоволство ми е денес во име на Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања да му посакаме добредојде на Н.Е. господинот Аиво Орав за да биде дел од нас и од овој момент па натаму заеднички да работиме на нашата заедничка цел, пристапување на Република Македонија кон Европската унија односно добивање на толку посакуваниот датум за преговори и станување на Република Македонија членка на Европската унија.

Исто така сакам да го поздравам и присуството на госпоѓата Марина Курте и во исто време да го поздравам присуството и на господинот Лидл кој што цело време беше тука додека немаше шеф делегацијата на мисијата и беше наш контакт и врска со делегацијата на Европската комисија.

Задоволство ми е што ја имам оваа чест денес да ја водам седницата која што е петта по ред заедничка со Комисијата за европски прашања, една воспоставена пракса кога имаме важни прашања како што е денешниот тромесечен извештај заеднички да го разгледуваме двете тела и да ги споделиме нашите размислувања и нашите задачи во иднина како треба понатаму да постапуваме. Во исто време сакам да го поздравам и фактот што Република Македонија влезе во една напредна фаза, не е датум за преговори, меѓутоа тој пристапен дијалог за двете поглавја 23 и 24 поглавје. Верувам дека наскоро Република Македонија со сите напори имајќи во вид од наша страна дека има добра волја за преговори со нашиот јужен сосед, ќе изнајдеме взаемно прифатливо решение но сметаме дека тоа не треба да биде пречка за нашиот

пат за интегрирање во Европската унија и оттаму барање на сите политички партии во Република Македонија на граѓаните на Република Македонија е не само тој т.н. пристапен дијалог да продолжи само за двете поглавја туку да отпочнеме вистински процес на преговори со што ќе се даде еден нов мотив, нова сила на целокупното општество и уште повеќе и на Националниот совет за евроинтеграции кој што е составен од претставници на целокупното општество во Република Македонија почнувајќи од синдикатите, верските заедници, политичките партии, невладините организации, медиумите, МАНУ, значи буквално претставено овде целокупното македонско општество сите заеднички здружени со една единствена цел Република Македонија да стане членка на Европската унија.

На денешнава наша заедничка седница го имаме Извештајот за првото тромесечие и ќе го претстави госпоѓа Теута Арифи која што е заменик претседател на Владата на Република Македонија одговорна за евроинтеграциите и во оваа прилика го поздравувам и нејзиното присуство и вообичаената пракса која што е многу добро да се информира Собранието на Република Македонија за секои три месеци како напредуваме во процесот на нашето евроинтегрирање и обврските кои што ги имаме превземено како Собрание и како Влада на Република Македонија.

На самиот почеток најпрво ќе му дадам збор на колегата Хајрула Мисини кој што е претседател на Комисијата за европски прашања, а потоа ќе следи почитуваната потпретседателка на Владата на Република Македонија задолжена за процесот на евроинтеграции.

Повелете господине Мисини.

**Хајрула Мисини:**

Благодарам госпоѓо Бонева.

Почитувани колеги пратеници, почитувани членови на Националниот совет за евроинтеграции, почитувани колеги на Комисијата за европски прашања и почитуван претставник од Канцеларијата на Европската комисија господине Орав, почитувана госпоѓо потпретседател на Влада, госпоѓа Теута.

Кварталните владини информации секогаш се навистина добар повод и причина да се разговара за сработеното, меѓутоа и за отворање на дебата за насоките во кои треба да се движи Република Македонија во

евроинтегративниот процес. За жал билансот на последните години во кој што ние упорно работевме за потребните реформи кои што ги бара Европската унија е негативен биланс. Европската комисија, европскиот парламент преку своите извештаи на неуспешен начин на Советот му препорачаа да ги започне преговорите со Европската унија. Затоа сметам дека сепак треба да се поздрави како позитивен и битниот настан во ова тромесечие, а тоа е почетокот на претпристапниот дијалог меѓу Скопје и Брисел и стручниот дијалог за поглавјата 23 и 24 односно во областите на правосудството и фундаменталните права, правата, слободата и безбедноста.

Почетокот на пристапниот дијалог на високо ниво покажува дека Брисел уште еднаш му подава рака на Скопје и ни дава можност да покажеме дека земјата е подготвена да ги започне преговорите и посветено да работи на клучните задачи кои што Унијата ни ги препорачува преку годишните извештаи за напредокот. Тајмингот на заедничкава наша седница посветена на тромесечната информација е токму во пресрет на доаѓањето на господинот Филе. Ова е добра прилика да се разговара за успехот на зададените задачи од Брисел.

Сега би се осврнал на парламентарната димензија на евроинтегративниот процес каде исто така има позитивни моменти. Сакам пред се да го истакнам значењето на се поголемата поддршка на земјите членки на Унијата како резултат на нашата парламентарна дипломатија која особено е важна во овој процес на последната Косак конференција во Копенхаген на 24 април пред две недели лично ми беше доставена заедничката изјава на претседателите на Комисиите за европски прашања на трите балтички земји Литванија, Латвија и Естонија во која јасно се бара од Европската унија да ги започне преговорите за членство во Унијата со Република Македонија на претстојната седница на Советот во јуни во Копенхаген. Во изјавата се повикува Данското претседателство со Европската унија позитивно да се изјаснат за ова барање и тоа врз основа на констатираниот напредок на земјата во повеќето досегашни извештаи на Европската комисија.

Сугестијата дека разликата за употребата на уставното име на Република Македонија не треба да биде пречка за почеток на пристапните преговори за членување дека треба да се реши преку посебни преговори во согласност со Резолуцијата 819 на Советот на Обединетите нации и Времената спогодба од 1995 година исто така битно за нас. Оваа заедничка изјава ви е поделена пред

почетокот на седницата. Како и да е слични пријателски пораки доаѓаат и од Европскиот парламент. Во последната Резолуција за напредокот на земјата известителот Ховит продолжуваат да ни се даваат сугестиите за почеток на преговори, преминување во втората фаза од процесот на стабилизација и асоцијација и повикува билатералните проблеми да не се користат за спречување на процесот за членување ниту да бидат пречка за напредок во евроинтегративните процеси. Подобра насока за нас е и неодамна поднесената Нацрт-резолуција во Европскиот парламент за стратегијата за проширување на политики, критериуми и стратешки интереси на Европската унија на европратеничката Марија Елени Копа од страна на Комисијата за надворешна политика (АФЕТ). Меѓу другото во текстот кој треба да биде усвоен во јули годинава на пленарна сесија се предлага билатералното прашање да не претставува пречка во процесот за прием во Европската унија.

Исто така, поздравена е и иницијативата на Европската комисија за пристапниот дијалог на високо ниво со Македонија чија цел е создавање на свежа динамика во реформскиот процес но дека тоа не може на никој начин да ги замени формалните приговарачки процедури. И покрај тоа што препораките на Европската комисија и на Европскиот парламент во неколку наврати за отпочнување на преговорите за членство во Унијата, Советот на Европската унија не ги потврди. Мора да бидеме реални и да признаеме дека сепак има одредено придвижување на нашиот пат кон Европската унија. Поради ова нема сомнение дека досегашните реформи кои ги бара од нас Унијата, меѓутоа и новите барања кои најверојатно еврокомесарот Филе ќе ни ги испорача на 7 мај односно за неколку дена ќе мора да ги исполниме ако не за Европската унија тогаш за нас самите. Само така европските вредности и стандарди ќе станат наши што секако е и стремеж и желба на граѓаните кои не избрале за нивни претставници. Ви благодарам.

**Силвана Бонева:**

Благодарам господине Мисини.

Збор има госпоѓа Теута Арифи, повелете.

**Тетуа Арифи:**

Благодарам.

Сакам на особен начин да ја изразам благодарноста кон двете работни тела на Собранието, Комисијата за европски прашања и Националниот совет за евроинтеграции за дадената можност и за организираната дебата во однос на прашањата кои што се во однос на европските прописи. Всушност ние денес тука ако сме дојдени со извештај што се однесува на првото тромесечие на остварување на обврските кои што произлегуваат од Националната платформа за реализирање или спроведување на европското право, сакам во оваа прилика да повлечам дека во текот на ова тромесечие главен настан на кој што главно се заснова работата не само на Секретаријатот за европски прашања, туку и на многу соодветни минитерства, воглавном е во однос на процесот или пак пристапниот дијалог на високо ниво. Пристапниот дијалог на високо ниво почитувани пратеници, почитувани гости е еден од главните процеси кои што одбележува нова страница на нашите односи со Брисел во нашите односи со Европската унија. Пристапниот дијалог на високо ниво всушност е тоа што многу пати сме го барале како креативен пристап од страна на Европската унија за надминување или пак за правење на бајпас на оваа ситуација на прекин или забавување на процесите кои што се во однос на политичките проблеми во однос на спорот кој што го имаме со името. Пристапниот дијалог на високо ниво повторно уште еднаш им дава предност на главните, приоритетните наши теми или битни теми во соработка со Европската унија и тие се воглавно реформи кои што ние како земја, како држава, како Влада, како Парламент и како општество имаме потреба, имаме обврска да ги спроведеме со цел да се стигне или да се успее да се оствари нашата цел или нашето полноправно членство во рамките на Европската унија.

На првата средба на високо ниво всушност поголемиот дел на разговорите со Европската унија подразбираа обврска која што ние ја превземавме, а тоа е формирање или пак градење на патоказ кој што би го подразбирал патот како да се реализираат обврските кои што се превземени при првиот дијалог.

Почитувани пратеници, пред вас всушност е токму тој патоказ кој што денес од десет часот е објавен на веб-страницата на Секретаријатот за европски прашања и на кој што сите вие кои што би можеле да го анализирате,

да го прочитате и да го оцените и исто време би сакала да биде и главниот дел или пак основата за вашата подготовка за дебатата што ќе ја имате со комесарот Филе во понеделник, во текот на неговиот престој во Парламентот.

Всушност овој документ е документ кој што дава една практична ориентација или пак вистинска ориентација на прашањата и темите кои што ние сме ги дебатирале при првиот дијалог на високо ниво.

Доколку ми дозволите малку колку за да ве потсетам дијалогот на високо ниво воглавно подразбира пет општи теми и пет општи реформски цели, а тоа се медиумите и слободата на изразување и професионалните стандарди како и втора тема се општи прашања, реформите во судството, внатрешните односи како и меѓуетничките односи каде што се прашањата што се во однос на спроведување на Охридскиот рамковен договор и други прашања во односите меѓу заедниците воопшто, како трета тема на дијалогот на високо ниво се реформите на администрацијата, четврта тема се реформите во изборниот систем и изборните процедури и петта тема се прашањата кои што се во однос на економските критериуми кои што се исто така исклучително битни што се однесува на вкупниот развој и европското концептирање на нашето општество.

Доколку ми дозволите јас би се задржала на овие пет теми кои што во рамките на патоказот, значи би говорела или би информирала малку што се однесува на прашањата кои што се однос на начинот како сме пристапиле на тие теми. Што се однесува на слободата на изразување и професионалните стандарди наша ориентација е усогласување на законодавството во однос на клеветата со европските стандарди што се однесува на нивото на глоби, укинување на притвор како санкција, јасни одредби како заштита, јасни одредби за правните средства, за промоција на правото, за одговор и корекција. Ова секако во рамките на патоказот го предвидуваме преку продолжување на дијалогот со претставниците на медиумите.

Исто така во рамките на овој патоказ сме предвиделе и консултации со стручњаци или експерти од Советот на Европа, што се однесува до измените и дополнувањата на законодавството што се токму во однос на прашањето на слободата на изразувањето и во исто време се ангажираме за обезбедување на посебни обуки за спроведување на членот 10 од Европската конвенција за правата на човекот за сите судии кои водат случаи на клевета и опфаќање на таа тема во програмата на Академијата за судии и јавни обвинители, поаѓајќи од фактот дека оваа тема, овој аспект во практичен аспект има многу во однос на

тоа како се третира во рамките на судовите, многу европски практики говорат за случаи каде што во европските земји нема ниту законодавство кое што би било поумерено, меѓутоа и судовите имаат малку потолерантен и поотворен пристап кон овој проблем што говори на некој јасен начин на нивото на либерализација или пак на либерализмот на европските општества.

Во исто време во рамките на овој дел е и уште една друга цел што треба да се постигне, а тоа е Советот на радиодифузија да го подобри спроведувањето на одредбите во промените односно измени во законодавството, во овој дел сме предвиделе да е поспроведливо во септември, а од мај до септември да се искористи за консултации тој период и да се најдат начини за потполно спроведување на постоечките актуелните закони во однос на оваа област.

Мислам дека прашањето на ова поглавје со кое што ние дебатираме во рамките на процесот или дијалогот на високо ниво всушност овозможува или пак говори уште еднаш за тоа дека сериозноста во пристапот во прашањето на слобода на изразување останува една од обврските, меѓутоа и клучните цели и и основни цели.

Прашањето со второто поглавје со делот на владеењето на правото и фундаменталните права каде што има неколку потточки. Значи, во однос на владеењето на правото и на фундаменталните права го имаме делот кој е битен во однос на подобрувањето на ефикасноста на правосудството. Претежно активностите се во зајакнување на капацитетите на судството, развој на софтвер на судската статистика, намалување на нерешените случаеви во Врховниот суд, Управниот суд и Апелациониот суд и подобрување на инфраструктурата и опремата на Јавното обвинителство. Значи, цел или главна цел на оваа втора точка е подобрувањето на капацитетите на судството и зајакнување секако на независните судски институции.

Во однос на зајакнувањето на антикорупциските мерки и нивна проверлива примена имаме уредби за начинот на проверка на содржината на изјавите за интереси и план и динамика на проверка на претходните поднесени изјави за судир на интереси за избрани и именувани лица.

Исто така прашањето со кои исто така превземаме обврски се прашањата поврзани во однос на финансирањето на политичките партии и континуирано унапредување на законската регулатива за финансирање на политичките партии. Сакам да напоменам дека исто така предлагаме промени на

законодавството и тоа веќе на владина процедура доставувавме измените за дополнување на законот за следење на коминикации во однос на улогата на министерот на внатрешни работи при одобрување на посебни истражни мерки, значи овде пристапуваме со промена на законот и веќе добивме позитивно мислење од страна на Европската унија.

Исто така во рамки на овој дел од патоказот имаме петта цел во однос на подорување на дијалогот на заедниците каде што влегуваат обврските на Секретаријатот за спроведување на Охридски рамковен договор и прашањата поврзани со односите меѓу заедниците. Тука веќе е формирана меѓусекторска работна група задолжена за собирање и анализирање на материјал по областите содржани во Рамковниот договор каде што работната група има за задача по сите министерства да го анализира процесот на реализација на Охридскиот рамковен договор за овие 10 години. Исто така превземаме обврска за подготовка на извештај по однос на состојбата на имплементација на сите политики кои произлегуваат од Охридскиот рамковен договор кој е фактички, обврската треба да ја завршиме до крај на јуни оваа година.

Во однос на реформата на јавната админстрација која е трета цел имаме анализа на спроведување на постојните закони за јавни и државни службеници имајќи ги во предвид коментарите на Европската комисија и преточување на наодите во нови законски решенија и спроведување на применливи постапки за вработување во целосна транспарентност и доследност кон начелото врз основа на заслуги, исфрлање на работни места предвидени за одредени лица вклучително и времен кадар.

Исто така во рамките на овој дел имаме повеќе активности кои се поврзуваат токму со ова прашање на реформите во администрацијата кои се одработуваат заедно или во партнерство со Сигма како една од најискусните огранизации која работи на реформа на државните администрации на повеќе држави од нашиот регион.

Реформата на изборите, сакам исто така тука да ве информирам дека ние веќе го одржавме вториот управувачки комитет во однос на прашањата кои се поврзани со последниот извештај на ОБСЕ и на ОДИХР за изборите каде што веќе се формирани работните групи кои работат во склоп на Министерство за правда и во рамките на Државна изборна комисија, едната во однос на изборната легислатива и втората во однос на прочистување на изборните списоци. Според динамиката која работиме и динамика и процес во кои се

вклучени исто така и нашите меѓународни партнери кои го помагаат и го подржуваат овој процес, оценувам дека до крај на јуни исто така ќе го заокружиме овој процес за да бидеме на време во однос, не на дилеми, туку евентуални новитети за престојните локални избори.

И како последна цел е целта која се поврзува со економските критериуми. Во однос на економските критериуми главна цел е зајакнување на пазарната економија, подобрување на пазарот на трудот и образованието, развивање на мерки за зголемување на опсегот на активни мерки на пазарот на труд со цел да се олесни влезот на младите во работни односи, план за зголемување на средствата кои се доделени за образование со фокус на предучилишно образование и учество на возрасни во доживотно учење, исто така прашања кои се постигнуваат во однос на главната цел на добивање на статусот на функционална пазарна економија или признанието од страна на Европската унија.

Сакам да нагласам уште еднаш дека процесот кој го имаме како нов отворен процес со Европската унија, пристапниот дијалог на високо ниво, една голема шанса за нас и една шанса која треба да ја искористиме имајќи го предвид фактот дека овој процес е еден поттик за реформите кои ние треба да ги спроведеме, да ги спроведеме најпрво поради доброто на нашето општество, а после тоа за да имаме подобар пристап и прием во други институции.

Исто така сакам да напоменам дека паралелно со дијалогот на високо ниво, Европската унија, Европската комисија ни дадоа уште една втора многу битна можност, а тоа беше можноста да учествуваме во процесот и техничкиот дијалог за поглавјата 23 и 24, поглавја кои како теми се совпаѓаат во голема мера со овие прашања, идеи и цели кои ги набројав во рамките на дијалогот на високо ниво. Така да имајќи го предвид фактот дека веќе со Европската унија имаме битен и клучен процес, да го користиме овој процес за подобрување на нашите демократски стандарди во земјата и исто така да го користиме овој процес за унапредување на односите со Европската унија. Овој процес не припаѓа само на Владата на Република Македонија, ова е еден процес кој припаѓа исто така и на Собранието, припаѓа и на невладините организации и на граѓанскиот сектор, овој е еден процес кој припаѓа и на медиумите и на другите делови од нашето општество, затоа што на крајот на крајностите кога ќе станеме членки на Европската унија бенефитот од тоа членство ќе ги уживаме сите.

Затоа повикувам за овој процес кој ќе биде доблесен и битен за сите да работиме сите заедно. Благодарам.

**Силвана Бонева:** Благодарам госпоѓа Арифи.

Во име на Националниот совет и Комисијата за европски прашања, на јасно искажаните цели за понатамошно дејствување на Владата на Република Македонија, меѓутоа и насоки во кој што треба да се движи работата на Парламентот и на клучните тела кои што се поврзани со евроинтегративиот процес.

Сега отворам расправа.

Бидејќи е пријавен колегата Јани Макрадули како што сум известена, доколку е така му давам збор.

**Јани Макрадули:**

Благодарам почитуван претседавач, почитувани колеги и колешки, претставници членови на Националниот совет, господин Ораф, господин Лидл, добро ни дојдовте.

Јас ќе се обидам сосема на кусо да го дадам моето мислење еве се разбира и од пратеничката група на Социјалдемократскиот сојуз каде што припаѓам. За жал во овој момент 3 пратенички групи не одиме на координација во Собранието на редовните средби бидејќи, можеме да го поврземе и од овој аспект, сметам дека Собранието мораше и мора да биде вклучено барем условно кажано делот на дефинирање на оперативниот патоказ.

Мислам дека има искуство од различни земји. Некаде премиерот како на пример во Британија известува после секој совет што се одржува во јуни, во декември во Парламентот. Во Словачка не може да оди министер за надворешни, а да не е за тоа да го извести, ли претходно да добие дозвола од Собранието итн. да не го оптеретувам собирот. И за тоа мислам дека е добро да се најде механиам, да она што претпоставувам и го поздравувам господинот Филе ќе одржи работна средба со чинителите во Собранието во понеделник, тоа мораше да го направи Владата пред да денеска не знам кога било усвоено во Владата, денеска на веб страницата се објави оперативниот патоказ.

Подобра слика за Македонија ќе пратиме, ако пред или во рамки на високиот дијалог и Собранието е дел од тој систем на висок дијалог, односно оперативниот патоказ ја доби потврдата макар од овие или од собирот што ќе

биде во понеделник во кој што е Комисијата за европски прашња, Националниот совет, Мешовитиот комитет и Комисијата за надворешни прашања.

Дозволете да акцентирам три работи од она што е денеска наша точка, усогласувањето или извештајот за усогласувањето на правото, да изразам разочараност што делот на парламентарниот институт изборот на 25-те лица е блокиран, и тој овој момент не функционира, и да апелирам таа работа час поскоро да се заврши бидејќи, еве ако сакате и од себични причини, тоа нас од опозицијата повеќе ни треба, за да го надокнадиме административниот капацитет под ЕУ перспектива што е на страна на Владата на сметка на немањето или недостаток на човечки ресурси задолжени за Европската унија овде во Собранието.

Второ, во делот на сите мерки што се тука наведени јас само ќе кажам една работа. Доказ колку ние сме подготвени е буџетот. Нашата политика кон овие политики ја читаме преку пари. За жал, според ребалансот на буџетот владината програма, јакнење  на владеењето на правото е намалено за 33%. Реформите во судството за 38%. Во реформа на јавната администрација, делот за стручно оспособување и усовршување намален за 33%. Делот за интеграција во Европската унија е намален за 11%, и регионалниот развој е намален за фантастични 59%. Сите овие програми се поврзани со Европските интеграции и поглавјата 23 и 24. Ако ги погледнеме парите што доаѓаат од донаторите, нашите пријатели од странство, ќе видиме дека тие се зголемуваат и по кој знае кој пат ќе се потврди дека во овој момент, нашите пријатели од меѓународната заедница се позаинтерсирани за реформи во клучните области отколку Владата на Република Македонија. Јас им благодарам на нашите пријатели, за поддршката што ни ја даваат, може ви изгледа грубо, ама таа поддршка се гледа и во пари. Нашата спремност со намалувањето на Владата, нивната поддршка на Македонија со зголемувањето на средствата предвидени и за реформа на судството и за  помош при транзицијата и институционалната надградба.

Втора работа што сакам да акцентирам е овој извештај од 111 страни секогаш ги има истите работи воведни во делот на Законот за електронски комуникации. За жал, сеуште не е тргната. Или нема решение за делот на прислушкувањето кој беше воведен во Законот за електронски комуникации, за кој што на нашата прва средба добивме уверување дека има едно писмо испратено од госпоѓа Теута Арифи и од госпоѓа Гордана Јанкуловска кон

Европската комисија на начинот како мислат они тоа да го решат. За жал решение на измените сеуште немаме.

И второ, една реченица ми боде очи, дозволете заради мојот професионален бекграунд не е точно дека се изменети Законот за електронски комуникации за вишокот на средства регулаторот да нема вишок на средства.

Напротив, надвор од европските стандарди, нашиот регулатор вишокот на средства го дава за аква парк и за мајмунара. Дозволете да се спротиставиме за тоа. Бидејќи не е точно тоа што тука го пишува.

И второ во однос на вашиот извештај, за жал, тука пишува дека е изменет Законот за железнички сообраќај, а сме сведоци дека странски инвеститор кажа дека три години плаќа луѓе во Македонија, инвестира во Македонија, за да сфати дека Владата ќе го продолжи договорот и надвор од европските директиви ќе воведе повеќе од социјалистичко однесување во железничкиот сообраќај. И бидејќи сега на веб страницата го отворив делот за оперативниот патоказ и тука ќе завршам, за жал да констатирам дека сеуште процесот или дијалогот со новинарите трае, ама она што мене ми смета е дека кога вчера во денот кога дознавме дека според Фридомхаус паѓаме од 96-то на 117 место на светската ранг листа по слободата на изразување, Владата во својот оперативен патоказ пишува дека ќе работи на професионални стандарди на новинарите. Ниедна Влада, нема право да ги дефинира професионалните стандарди на новинарите, без разлика колку мисли дека е успешна со пи-ар политиката како сегашната, тоа го нема никаде, и мислам дека тоа во овој момент не треба и не треба да биде замена или пазар помеѓу декриминализацијата на клеветата и воведувањето на професионалните стандарди во новинарството. Веројатно секој си ја знае својата фела. Инаку по таа логика ќе треба во овој опеативен патоказ да им дефинирање на професионални стандрди во судството. Јас би го поздравил тоа, ќе ви дадам три примери професионални стандарди во судството, ама не е наша работа тоа. Мислам дека секој во својата фела треба да си ги дефинира стандардите. Благодарам.

**Силвана Боенва:** Благодарам господине Макрадули.

А сега му давам збор на господинот Антонио Милошоски.

**Антонио Милошоски:**

Благодарам почитувана колешке Бонева.

Јас накратко само би го дал своето согледување на моменталната ситуација најпрвин би сакал да и се заблагодарам на заменик претседателот на Владата на Република Македонија на госпоѓата Арифи за нејзиното излагање. И не само за нејзиното излагање, туку и за залагањето кое што го вложува во изминатиот период. А процесот на евроинтеграции во Република Македонија, да ја задржи потребната динамика и потребната мотивација во сепак, согласно околностите не секогаш поволните услови. Во самиот развој на настаните во Европската унија поврзани со процесот на проширувањето.

Сметам дека извештајот дава една реална слика за тоа каде Македонија има направено поголеми исчекори напред, но исто така дава и едно согледување дека треба да се забрза процесот на донесување на одредени законски и подзаконски акти, за да може што побрзо оние работи кои што сме ги прифатиле како европски стандарди да стигнат до нивната примена во Македонија преку надлежните институции.

Пристапниот дијалог се согласувам оној што го отворивме на високо ниво е многу добра шанса, што Македонија треба да ја искористи и со нетрпение ја очекуваме следната посета на еврокомесарот Филе за да можеме и конкретно да започнеме со резултатите во тој двостран однос, Република Македонија, Европската комисија. Пристапниот дијалог на високо ниво не е замена за отворањето и отпочнувањето на преговори за членство со Европската унија, но сепак е подобра алтернатива отколку губење на време и тапкање во место и сметам дека во тој контекст би требало да бидеме задоволни од креативноста на Европската комисија во овој случај, што го овозможи овој механизам до сега не применет, ова ќе биде прв пат, бидејќи Македонија за жал е специфичен случај не по своја вина, туку заради блокирањето од страна на соседна Грција.

Би сакал да ја искористам приликата да му честитам и на колегата Мисини за неговото залагање преку Комисијата за европски прашања и да се заблагодарам за колегите од Естонскиот, Латвискиот и Литванскиот парламент кои што јасно и недвосмислено а тоа го видовме и преку посетата на претседателот Иванов на балтичките земји укажаа дека тие цврсто стојат зад ставот дека Република Македонија политички и институционално е спремна и зрела да го започне процесот на преговори со Европската унија, дека

билатералните проблеми се реалност но истата не треба да ги држи во заложништво перспективите за членство на земјите кандидати во Европската унија и за отпочнување на преговорите за членство. Сметам дека во овој контекст парламентарната дипломатија докажува дека е една алатка која што може и сега и во иднина уште повеќе да ни биде од корист на сите нас. Од друга страна треба да бидеме свесни за реалноста. Околу нас првата реалност се вика соседна Грција и мислам дека во контекст на евроинтеграциите треба со внимание да ги следиме и настаните во соседна Грција особено изборите кои што наближуваат и да видиме дали во овие услови на тешка економска криза и една силна политичка динамика во соседна Грција ќе имаме политички сили кои што ќе смогнат храброст да бидат попрагматични во нивниот однос кон останатиот свет особено кон соседите а во рамките на евроинтеграциите да го дадат својот придонес како земја членка на Европската унија за напредокот на регионот и на Македонија во рамките на перспективите кои што ги нуди Европската унија.

На крајот исто така треба да ја имаме во предвид и реалноста во самата Европска унија и тоа мора да се признае за разлика од мотивацијата во Европската унија пред 12 или 13 години кога проширувањето на Европската унија беше брзо трчање, беше маратон во трчање, денес проширувањето на Европската унија во најважните земји членки на Унијата е сведено на процес на брзо одење. Тој процес е успорен, затоа што е паднат пониско на политичката агенда на многу земји членки во Европската унија. Треба да бидеме свесни за таа реалност дека процесот не е запрен но сепак е забавен, надзорот е многу зголемен а геополитичката важност на проширувањето ја нема таа тежина која што ја имаше неколку години по завршувањето на студената војна. И, она што треба да биде наша домашна задача е во сите овие околности Македонија треба да постигне би рекол највисоки можни стандарди затоа што тоа ни е единствената и најдобра препорака пред нашите партнери во Европската унија и сметам дека главните предизвици се и ќе продолжат да бидат односот на институциите на политичарите и на сите општествени чинители во две клучни

области а тоа е реформата на јавната администрација и продолжувањето на реформите во правосудството. Тоа се области во кои што и во самата Европска унија нема еден воедначен стандард нема униформирани мерки за продолжување на реформите во овој правец, треба да го одбереме она што најмногу и е потребно на Република Македонија ќе има сигурно многу реакции, отпори, проблеми и можеби одредени слабости во придвижувањето на овие процеси но сигурен сум дека ако Македонија успее во соработка со Европската комисија во текот на оваа година по зададените задачи да постигне добри резултати, јас сум сигурен дека на Европската унија ќе и биде задоволство на следниот совет на Европската унија уште еднаш да го потврди статусот на Република Македонија и уште посилно да се залага за донесување на одлука за отпочнување на пристапните преговори за членство.

Истовремено би сакал да го кажам своето мислење дека дебатата и расправите позиција владеачко мнозинство опозиција во овој собраниски дом не е неочекувано дека постојат и добро е да постојат. Сметам дека како што ќе наближуваат следните локални избори, како што ќе навлегуваме во второто полугодие од оваа година таа политичка динамика повеќе ќе се зголемува, но треба и политичарите и медиумите и преставниците на Европската комисија и сите оние кои што се заинтересирани за процесот на евроинтеграции да прават разлика помеѓу обидот да се создаде перцепција, да се привлече внимание или да се даде придонес за суштинско придвижување на работите. Благодарам.

**Силвана Бонева:**

Благодарам господине Милошоски.

Збор има господинот Зијадин Села, повелете.

**Зијадин Села:**

Ви благодарам.

Јас ќе се обидам да бидам краток затоа што мислам дека во текот на ова тромесечие секогаш кога се собира Националниот совет за евроинтеграции и Комисијата за европски прашања во однос на Македонија кон Европската унија се кажуваат истите работи постојано и постојано се повторуваат и затоа сакам да бидам практичен. Од друга страна сакам на заменик претседателот или вице премиерката за евроинтеграции да и честитам што не ги кажа повторно истите работи реформи, декриминализација на клевета и други работи. Во меѓувреме сите ние присутни меѓутоа и јавноста надвор знаат која е главната реформа што треба да се спроведе со цел да се отвори патот на Република Македонија кон Европската унија. Јас не слушнав од претходните говорници да се дискутира во однос на оваа тема. Сакам да кажам и нешто друго. Сите оние кои што денес ги гледаме и вицепремиерката за евроинтеграции, меѓутоа и претседателот на Комисијата за европски прашања и Националниот совет немаат мандат за решавање на тоа што е прашањето на евроинтеграции и прашањето на името како такви. Јас мислам служат само како декор во плановите на Никола Груевски да овој проблем никогаш не биде решен затоа што како таков за него носи политички придобивки. Години со ред слушаме дека проблемот на името треба да се реши, меѓутоа никако не се решава. Години со ред како слушаме името може да се смени, не може да се смени, за ова ќе има референдум или не, меѓутоа нема ниту референдум. Ова ми дава до знаење дека ова мнозинство воопшто нема намера да ги направи овие промени. И доколку не сакате да го направи променувањето на името нека го спроведе референдумот да го видиме резултатот затоа што сиот овој процес е во некаков грч, грч кој што е овој процес, процес на евроинтеграции. И ние на секоја седница на овој Национален совет не правиме ништо друго освен што ги повторуваме истите работи. Се говори за реформите во медиумите и слободата на изразување и се создава впечаток дека наводно оваа реформа е само во однос на декриминализација на клеветата и толку. Меѓутоа мене ми се чини дека оваа реформа е повеќе во

однос на спречување на Владата да ги затвора тие медиуми кои што слободно се изразуваат. Извештајот на Фридом Хаус видовте дека Македонија има пад и е на 117 место. Можеби ќе требаше да биде во 1400 место затоа што медиумите кај нас функционираат до 14,00 часот и ние се натпреваруваме меѓу пратеници и политичките субјекти кој прв ќе излезе и ќе каже нешто до 14,00 часот. Медиумите и слободата на говорот не е само во однос на декриминализација на клеветата, тоа е само еден сегмент. Медиумите и слободата на говорот е и во однос на создавање или градење на европско општество во кое што општество секој ќе има можност да го каже сопственото мислење. И медиумите и слободниот збор значи над се медиумите треба да бидат дел од опозицијата на онаа група што се нарекува позиција на власта затоа што како такви постојат. Меѓутоа ова се чини во Македонија треба да почека подолго време додека да се случи затоа што ние прво не пристапуваме кон решавање на тоа што е главниот проблем што всушност треба да ни го отвори патот кон евроинтеграции, тоа е решавањето на името и уште потешката задача после е европеизација на општеството во кое што ние заостануваме. Од ден на ден гледаме дека имаме големи заостанувања. Имаме заостанување и во насока на релаксација на меѓуетничките односи.

На првата седница на Националниот совет за евроинтеграции јас кажав неколку работи во оваа насока и денес ние се соочуваме со една ужасно лоша ситуација. Да говориме малку и за реформите во судството или владеењето на правото. Македонија два дена функционира како да е во исклучителна вонредна ситуација како да е опколена, на бескруполозен начин се повредуваат правата и слободите на човекот. Судството од страна на Министерството за внатрешни работи се изјаснува. Зошто не говориме и за ова. Никаде не се кажа осомничени за ова или за она туку се нарекоа сите убијци. Видовме полицајци кои што имаат под рака жени. Во кои стандарди на Европската унија машки полицаец ја зема под рака некоја жена и ја приведува. Ова се многу битни детали кога говориме за нивото на едно општество. И не сакам повеќе да говорам за другите реформи кои што се должност или задача затоа што тоа е само клише затоа што треба да

има сериозен пристап кон решавање на тоа што е главниот проблем а за кој што проблем вицепримиерката нема мандат да направи нешто во однос на името. И затоа и јас да бев на нејзино место ќе го разгледав повторно моето место и мојата позиција и ќе преземев мерки или ќе си одев или ќе останев. Ако останев тогаш ќе признаев дека не можам да направам ништо во насока на евроинтеграциите. Ви благодарам.

**Силвана Бонева:**

Благодарам господине Села.

Збор има господинот Тито Петковски, повелете.

**Тито Петковски:**

Благодарам госпоѓо Бонева.

Госпоѓа Арифи своето излагање го заврши со реченицата да работиме сите заедно. Јас тоа го сфатив како повик до сите ама да работиме а не да се договараме да работиме. Со ова сакам да кажам дека ние не си ги извршуваме нашите обврски ниту онака како што сме ги превзеле, ниту пак по динамика. И добро е она што сега го имаме како шанса. Господинот Милошоски тоа го нарече инвентивност на Европската унија и јас се согласувам. Значи ова што ни се пружа како шанса од страна на Европската унија е за поздравување бидејќи јас да бидам искрен јас тоа го сфаќам како шансата за висок дијалог што сега ни ја дала Европската унија го сфаќам како дополнителна настава за слаб ученик и ништо повеќе. И сега ако и таа шанса и на таа дополнителна настава не покажеме некои резултати мислам ќе кренат раце од нас. Така искрено јас го доживувам како можност Европската унија да не крене раце од нас. И тоа треба максимално добро да го искористиме во рамките на она што госпоѓа Бонева го кажа во овој дел кога ги поздравуваше сите кои се фактори се присутни овде, кои се општествени субјекти најрелевантните, најзаинтересираните за почеток на преговори и за исчекор на Македонија кон Европската унија. И јас се

согласувам со ова што веќе беше речено ние немаме прогрес дури и не може да се каже дека стагнираме, јас мислам назадуваме. Назадуваме во сите сфери, а јас ќе кажам само неколку примери за да не бидам сфатен дека само реторички говорам за факти кои што не постојат.

Госпоѓа Арифи рече за Законот за следење на комуникации има добиено позитивно мислење од страна на Европската унија. Јас немам таква информација, но имам информација која што имам обврска која што ја превзема министерот за внатрешни работи на една седница на Собранието на 23.02.2012 година кога рече дека до крај на месецот ќе ја имаме драфт верзијата на овој закон. Еве го тука е стенограмот. Сега е почеток на мај, не знам дали имаме драфт верзија и дали имаме таква комуникација со Европската комисија односно со Европската унија. Би било добро да ја имаме таа информација доколку нешто такво постои.

Втор пример, говориме за обврска за реформи на администрацијата. Мислам дека немаме право да говориме за реформи во администрацијата или на администрацијата ако не знаеме колку имаме вработени во јавниот сектор. Тука се спомнува бројка од 120 до 150 илјади. Никогаш не се кажува објективната бројка на вработените во јавниот сектор. Говорам во јавната и во државната администрација иако од време на време на некои пратенички прашања ќе се даде некој палијативен одговор. Но, загрижува фактот што, Јани говореше тука за неевропскиот однос по однос на трошењето на парите. Загрижува фактот што Владата излегува со јавен став дека бројот на вработените ќе го зголеми за уште 5000 луѓе во администрацијата. Зарем е тоа европско однесување? Зарем е тоа реформа на администрацијата? Сите земји членки на Европската унија ја кратат администрацијата сериозно, а превземаа обврски за десетина, 20 години да ангажираат уште 200 милијарди евра за развој на енергетиката, а ние кратиме од енергетиката вработуваме во јавниот сектор. Пораката е јасна. Не треба никој да мудрува дека на власта и требаат гласачи, и требаат избирачи. Најдобриот резерват тоа е јавниот сектор. Тие се лојални и пензионерите, но јавниот сектор треба да се билда. Мислам тоа е

уште една потврда спротивно од нашите обврски што сме ги превзеле. Тоа е исто така неевропско однесување.

Понатаму, говориме дека земаме обврски особено во делот за владеење на правото и фундаменталните права. Ве молам, за какви обврски за владеење на правото говориме и за реформите, ако реформите во јавното обвинителство за правевме пет години подготовки ги одлагаме за уште три години. Барем тоа е ставот што јавно е соопштено од страна на Владата. Или говориме за почитување на законот и владеење на правото. Кажете ми како може да говориме за владеењето на правото ако владеачка партија после законскиот рок за известувањето како ги трошела парите нема покритие за 3,5 милиони евра. За кое владеење на право може да говориме? И рутински одговор има тоа е долг, ние ќе го вратиме. Ниту кажува од каде се парите ниту кажува како ќе го врати, а рокот поминал за враќање. Тоа не само што е лоша порака до бизнисот како се плаќаат обврските, не знаеме уште колку обврски има финансиски Владата кон бизнис секторот, но е страшна порака за владеење на правото. Значи ние едно говориме, а сосема друго работиме. И, конечно тука ќе завршам за слобода на медиумите. Јас мислав после ова соопштение на Фридом Хаус дека ние сериозно назадуваме барем нешто најелементарно што требаше да се направи требаше Владата бидејќи е медијатор сега во средувањето на односите во медиумите така да ги кажам наједноставно, да излезат со аларм дека нешто многу крупно се случува. Македонија влегува во друштво на тоталитарните режими. Е, тоа не е само порака за владеење на правото, туку е сериозно нарушување на демократијата. Значи, сакав да укажам само на четири сектори каде што сериозно заостануваме а за што говориме постојано дека нешто работиме. Мислам дека единствено нешто што недостасува е одговорноста. Ако превземаме обврски да знаеме кој е носител на обврските и да сноси одговрност. Тоа не може да го направи Националниот совет за евроинтеграции, меѓутоа има право да ги покрене тие прашања на политичка одговорност. Благодарам.

**Силвана Бонева:**

Благодарам господине Петковски.

Збор има госпоѓа Тања Хафнер, повелете.

**Тања Хафнер:**

Во врска со кварталниот извештај мене посебно ме интересира делот на политички критериуми, односно делот кој не засега, секторот кој јас го презентирам, а тоа се граѓански организации. Како што знаат колегите од Националниот совет, на 27 февруари се одржа јавната расправа по повод Предлог-стратегијата за соработка со граѓански организации и во јавната расправа по Предлог стратегијата во работната група учествуваа и неколку претставници на граѓански организации, по што следеа обемни консултации со други граѓански организации низ целата земја и првичната верзија која беше првично презентирана пред јавната расправа го вклучуваше најпосакуваниот документ со клучните мерки кои ги засега секторот. На јавната расправа се здобивме со нов предлог документ кој што во тој момент немаше некои од клучните мерки и поради тоа група од 40 организации се обрати до Владата презентирајќи ги аргументите зошто повторно би требало кон новата нацрт верзија на Предлог стратегијата тие да ги имаат. Тие четири клучни мерки се: задолжителен акт за транспарентно и отчетно финасирање на граѓанските организации од државниот буџет. Сметаме дека е многу битно парите од граѓаните кои се доделуваат на граѓански организации да бидат доделени на транспарентен и отчетен начин. За сега немаме задолжителен акт и сметам дека е многу битно за нас за секторот, како и за сите граѓани, тоа да го имаме. Исто така, фонд за кофинасирање на граѓански организации посебно тука за кофинансирање на ЕУ проекти, воспоставување совет. Значи да имаме совет односно инструмент каде што можеме како сектор на највисоко ниво да разговараме за многу битни прашања и да ги решаваме на такво највисоко ниво, односно на министерско ниво. На крајот, четвртата мерка е зголемениот

административен капацитет во Генералниот секретаријат на одделението, значи негово издигнување на одделение за соработка со невладини организации на ниво на сектор. После нашето писмо, можам да ве информирам дека во последната верзија на Предлог стратегијата, Владата уважи една од мерките, а тоа е воспоставување на советот. Тоа го поздравуаме, но бидејќи Предлог стратегијата е во меѓуминистерска консултација и бидејќи заклучоците од јавната расправа уште не се усвоени, би повикала колегите на Националниот совет, службата и претседателката, ако може тие што побрзо да ги усвоиме и секако да ги дискутираме, секако нешто да се додаде или одземе за да може соодветните министерства, Владата и Генералниот секретаријат да ги информираме за истите и со тоа да придонесеме за изготвување на Стратегијата која ќе ги отсликува потребите не само на Владата бидејќи тоа е сепак и владин документ, туку и потребите на секторот. Оваа Предлог стратегија и изработката на стратегија е исто така поддржана од страна на Европската комисија односно делегацијата преку еден проект, така што тука имаме голема техничка поддршка и интересот и важноста за еден ваков документ и ваков процес кој може да овозможи користење на капацитети, сите стручни знаења кои постојат и надвор и низ институциите и тие да бидат употребени за најдобро наше интегрирање во Европската комисија. Би ги повикала колегите од Советот што побрзо да ги усвоиме тие заклучоци.

На крајот би сакала да го поздравам следното: спомнато е во кварталниот извештај дека Владата на една од последните седници ја формирала Комисијата за избор на организации од јавен интерес, која ја чекавме долго време и тоа го поздравувам. Исто така, во Агенцијата за малцинските права има направено неколку чекори односно соработка со граѓански организации, но би ја повикала вицепремиерката ако може побрзо да бидеме информирани за исходите или реакциите од предлозите кои беа дадени од голем собир на граѓански организации на 17 февруари со цел да можеме ние понатаму поструктуирано да придонесеме во целиот процес. Од наша и од ваша страна средбата беше окарактеризирана како успешна и отворена и би сакал да го

поздравам таквиот приод од Секторот за европски прашања и вицепремиерката, но би била благодарна ако имаме повратна информација на реакцијата, бидејќи информиравте дека за заклучоците и разговорите од таа средба ќе биде информирана и Владата, со цел да може и понатаму на таков структуиран начин да придонесеме сите, не само организации кои се повеќе навлезени во темата на евроинтеграции туку и другите организации надвор од Скопје, со цел, повторно да нагласам, да може што повеќе нашите капацитети, нашите знаења од тука и од надвор од нашето партнерство во регионот и пошироко да придонесеме за целиот овој процес. Благодарам.

**Силвана Бонева:**

И благодарам на госпоѓа Тања Хафнер, која е претставник на граѓанската платформа. Невладините организации заземаат исклучително место во работењето на Националниот совет и доволен показател за тоа како функционира Националниот совет и кој е бенефитот од јавните расправи кои ги имаме е токму говорот кој што го имаше сега госпоѓа Хафнер и можам да информирам само дека на самите јавни расправи не донесуваме заклучоци туку после тоа ги усогласуваме заклучоците како резултат на сите дискусии кои ги водат претставниците кои дошле на јавната расправа, заклучоците веќе се усогласени и на наредната седница на Националниот совет ќе бидат усвоени.

Сега и давам збор на почитуваната потпретседателка госпоѓа Теута Арифи да даде одговор на повеќето прашања кои беа адресирани до неа, почнувајќи од госпоѓа Хафнер па до одредени пратеници кои дадоа свои видувања за нашиот процес на евроинтеграции.

**Теута Арифи:**

Благодарам.

Нема да се задржам долго. Благодарам за искажаните размислувања и го споделувам интересот кој се појавува во рамките на комисиите и на

Националниот совет во однос на прашањата поврзани со процесот на евроинтеграциите.

Најпрво сакам уште еднаш да напомнам дека овој процес е битен и треба како таков да биде искористен. Ако треба за потсетување, тогаш треба потсетување за враќање назад пред неколку кога го немавме овој процес и кога размислувавме дека би било добро да има некој  процес кој ќе ни дава можност да работиме во процесите на Европската унија без да бидеме застанати поради прашањето кое политички не задржува а тоа е прашањето за името. Пред неколку месеци кога разговаравме и кога споделувавме идеи не ни беше сеуште комплетно јасно каков ќе биде тој процес и сега се покажува дека Европската унија, но и ние заеднички најдовме еден пат кој е битен и кој треба да се користи. Дали овој процес е лесен? Не е. Дали е краток? Сигурно дека не е. Дали ќе биде се така рамно во текот тој процес? Сигурно дека нема. Затоа што зборуваме за прашања кои се поврзани со реформите и тоа не се воопшто лесни работи. Сите заедно треба да работиме повеќе во однос на креирање заеднички менталитет кој ќе ги подржи реформите колку да бидат тие не секогаш лесни и не секогаш толку подржани со ентузијазам, но мислам дека овој процес таа можност ни ја дава и ние треба да го искористиме.

Во однос на прашањата кои беа поставени, во однос на прашањето на господинот Петковски за комуникациите, во рамките на Патоказот имаме преземена обврска и Владата до идниот дијалог на високо ниво ќе одговори на дијалогот со конкретно решение, решение кое во Собранието ќе стигне малку подоцна откако на Владата веќе ќе го имаме заокружено како решение.

Исто така, во однос на соработката со невладининте организации, јас мислам како што реков не мислам дека овој процес  е процес кој припаѓа само на Владата на Република Македонија. токму заради тоа овој процес го споделувавме со невладините организации во тој дијалог што го отворивме и намерата е да продолжиме со еден таков структуриран дијалог сега и за Патоказот но исто така да го структурираме по петте цели на дијалогот, имајќи го предвид фактот дека во рамките на нашето граѓанско општество има многу

невладини организации кои се прилично успешни, специјализирани во однос на овие пет цели на дијалогот за да имаме подобар процес и да имаме поголема вклученост и инклузивност на факторите на целото општество.

Сега би се задржала малку и на прашањето што го отвори почитуваниот пратеник господин Зијадин Села од страна на ДПА. Сметам дека од прв ред познавајќи ја проблематиката, концептот и политичките пречки на процесот, затоа што е потполно свесен дека постои политичко прашање кое ги држи во залог процесите на евроатлантските интеграции, мојот пристап беше да се најде решение кое ќе отвори можност и пат кон забрзување и ангажирање на сите во овој процес. Затоа сакам тука да подвлечам дека во оваа прилика повторно сум потврдила и докажала дека не само што имам мандат за наоѓање решение за прашањата кои некогаш можат да бидат забавени или прекинати, меѓутоа, сум докажала во овој случај дека имам и голема креативност и идеа во исклучително тешки ситуации да најдам решенија кои би ги воделе евроинегративните процеси напред, се разбира со помош и поддршка на сите фактори во Владата, со вашата поддршка како пратеници и поддршка на Европска унија како главен партнер во оваа насока. Во оваа насока ова би бил мојот одговор.

Исто така би сакала да истакнам и да кажам дека треба да водиме сметка за изјавите што ги даваме посебно во овие сензитивни периоди за меѓуетничките односи и истото на некој начин не треба да се злоупотреби или искористи за политички цели, како што не треба ни да се повредува и начелото на пресумпција на невиност каде што сите оние кои се појавуваат пред судот се само осомничени додека судот не го докаже спротивното или да ги прогласи за виновни како што не прифаќаме и колективизација на вината било да се работи за етнички или верски аспект. Имајќи ги предвид сите елементи, јас би апелирала со посебно внимание да постапиме токму и на овие теми со цел да се придржиме на европските стандарди и процеси.

Да се заблагодарам за дадената можност и да ве повикам на отворен, на активен пристап на дијалогот што ќе се одржи на 7-ми. Особено го поздравувам фактот дека со овој втор дијалог на високо ниво постигнуваме вклученост и на

собраниските тела со што го прошируваме процесот на дијалогот на високо ниво во однос на нашите институции и се надевам дека овие собраниски тела ќе дадат еден особен придонес токму во овој процес. Благодарам.

**Силвана Бонева:**

Благодарам госпоѓо Арифи за вашето излагање, за вашето видување, им благодарам на сите колеги за денешните дискусии.

На крај само сакам да кажам дека заедничка е нашата цел Република Македонија да стане членка во Европската унија и наша заедничка цел е и треба сите заеднички да учествуваме во тој процес, да не продолжи и понатаму опструирањето на работата на Собранието на Република Македонија макар и на координации бидејќи имаме огромни предизвици со кои се соочува општеството и без оглед на различните размислувања сите треба да бидеме на едно место, да ги споделуваме нашите идеи и да се бориме Република Македонија да може да оди напред. Јас мислам дека само слушајќи се едни со други, споделувајќи ги размислувањата едни со други, без оглед на тоа колку се различни, ќе придонесе Република Македонија да оди напред и ќе одговориме на овој огромен предизвик што е сега пред нас, пристапниот дијалог на високо ниво кој што се случува и мислам дека треба сите политички партии во Република Македонија активно да учествуваат во работењето на Собранието на Република Македонија вклучувајќи ги и редовните координации без нивно напуштање туку заеднички да ги спротиставуваме работите и заеднички да ги усогласуваме нашите главни стратешки цели. Благодарам.

Им благодарам на сите за денешното учество.

Седницата заврши во 11.38 часот.